**20110942273**

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 51, став 4 од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07 и 18/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ВРЕМЕНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката, формата и содржината на образецот на барањето за издавање на позитивно мислење за времена пренамена на земјоделско земјиште за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини и потребната документација.

Член 2

Барањето за издавање на позитивно мислење за времена пренамена на земјоделско земјиште за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ги содржи следните податоци:

1. Назив на органот кој ја спроведува постапката за давање на согласност за времена пренамена;
2. Назив на образецот;
3. Податоци за подносителот на барањето;
4. Податоци за земјиштето за кое се бара времена пренамена:

- катастарска општина,
- катастарска парцела,
- место викано,
- катастарска култура,
- катастарска класа,
- површина (метри квадратни) и
- имотен/поседовен лист,

5. Датум и место на поднесување на барањето.
6. Потпис/печат на барателот.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува на образец со А4 формат во бела боја кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето од член 2 на овој правилник се приложува и следната документација:

1. За барање за детални геолошки истражувања се доставува:

- топографска карта за локалитетот на деталните геолошки истражувања, во размер 1:25000 и
- геодетски елаборат за катастарските парцели кои влегуваат во локалитетот или список со катастарски индикации.

2. За барање за експлоатација на минерални суровини се доставува:

- договор за детални геолошки истражувања и
- геодетски елаборат за посебни намени за земјиштето во експлотационото поле со нумерички податоци за катастарските парцели кои влегуваат во екплотационото поле.

Член 4

По барањето од член 2 на овој правилник и доставената документација во рок од десет дена сметано од денот на поднесувањето се врши теренски увид на лице место на земјоделското земјиште за кое се бара времена пренамена.

Врз основа на теренски увид на лице место се утврдува оправданоста за давање на позитивно мислење за времена пренамена и се изготвува записник за констатираната состојба во присуство на барателот.

Врз основа на барањето за времена пренамена на земјоделското земјиште, потребната документација и записникот од став 2 на овој член се издава решение за позитивно мислење за времена пренамена на земјоделското земјиште, односно решение за одбивање на барањето.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 22-4502
8 јули 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски**, с.р.

**Прилог**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
Сектор за регистрирање и управување
со земјоделско земјиште

**БАРАЊЕ**
**за издавање на позитивно мислење за времена пренамена на земјоделско земјиште**

1.Податоци за подносителот на барањето.

Име и презиме/назив ______________________________

Адреса на живеење/седиште ________________________

ЕМБГ/ЕМБС ____________________________________

Врз основа на член 51 став 2 од Законот за земјоделско земјиште, се поднесува барање за издавање на решение за позитивно мислење за времена пренамена на земјоделското земјиште за (детални геолошки истражувања / експлоатација на минерални суровини) на ______________ со седиште/адреса ______________, на земјоделско земјиште кое се наоѓа во КО__________, КПбр._____, место викано ______, катастарска култура_______, катастарска класа____, површина__________ (метри квадратни), евидентирана на Имотен/Поседовен лист бр. ____, издаден од __________ под бр. _________ од ________ година.

**Датум и место** **Подносител на барање**

______________ ____________________

**(потпис/печат)**